Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Годишно собрание -**
Број 0201 -1885/8
27.03.2014 година

Врз основа на член 487 и 490 од Законот за трговските друштва и и член 52 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), како и член 36 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, Годишното собрание на Друштвото на својата седница, одржана на **27.03.2014** година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар**

1. Добивката остварена со годишната сметка на Друштвото, во вкупен износ од **34,278,739,66** денари ќе се распредели како дивиденда согласно одредбите од Законот за трговските друштва и подзаконските акти.
2. Износот на дивиденда за употреба и распоредување на добивката до **31.12.2013** година ќе изнесува за **1** обична акција во бруто износ **43,00 денари**,.
3. За исплатата на дивидендата за деловната 2013 година, акционерите ќе се известат преку посебно соопштение кое ќе се достави до акционерите преку препорачана поштенска пратка, дневен весник, официјалната интернет страница на Друштвото и интернет страницата на Македонската берза за хартии од вредност.
4. Датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за деловната 2013 година, ќе биде 11.04.2014 година.
5. Последен ден на тргување со право на дивиденда за деловната 2013 година ќе биде 08.04.2014 година, а прв ден на тргување без право на дивиденда за деловната 2013 година ќе биде 09.04.2014 година.
6. Исплатата на дивиденда за 2013 година ќе започне да се исплатува на ден 15.04.2014 година;
7. Дивидендата за 2013 година ќе се исплатува во пари.
8. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 480 став 1 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на Друштвото веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото, извештајот од ревизија го доставува до Надзорниот одбор. Во истиот член предвидена е обврска на Управниот одбор на Друштвото истовремено до Надзорниот одбор да достави и предлог одлука за распределба на остварената добивка која што од страна на Надзорниот одбор ќе биде доставена до Собранието за одлучување. Управниот одбор усвои одлука и ја достави до Надзорниот одбор, по што Надзорниот одбор усвои одлука и истата ја достави до Собранието на Друштвото. Во членот 487 од

Законот за трговските друштва, Собранието на Друштвото го определува делот што на акционерите им се исплатува во форма на дивиденда. Согласно истиот член, дивидендата може да се исплати најдоцна девет месеца по завршувањето на деловната година.

Согласно член 490 од Законот за трговските друштва, Собранието на Друштвото го определува износот на дивиденда, датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, како и планот за исплата на дивиденда и денот на којшто се исплаќа дивидендата, како и начинот на известување на лицата кои имаат право на дивиденда.

Друштвото, како друштво чии акции котираат на официјалниот пазар на Македонската берза, се придржува на принципите на јавност и транспарентност во своето работење.

Заради навремено и точно информирање на акционерите и на јавноста, согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската берза на хартии од вредност, котираните друштва се должни однапред да го соопштат предлогот за висината на дивидендата, а веднаш по одржувањето на Собранието на акционери да го објават дивидендниот календар при исплата на дивиденда на сопствениците на акциите на акционерското друштво. Динамиката на активностите поврзани со исплатата на дивидендата се определува во согласност со датумот на одржување на редовното Годишно собрание на акционерите на Друштвото.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, односно датумот на стекнување на правото за дивиденда, е датум кога се врши пресек на сопствениците на акциите според акционерската книга, за да се утврди кој акционер има право на дивиденда. Согласно член 36 од Правилникот за котација на хартии од вредност, овој датум треба да биде најмалку 14 дена по завршување на седницата на Собранието на акционерите на друштвото на која, покрај другото, се донесува Одлука за распределба на добивката остварена во претходната година. Овој временски период се смета дека ќе биде доволен за акционерите и инвеститорите да ги апсорбираат информациите од одлуките усвоени од Собранието и да креираат соодветна ликвидност со акциите согласно новите информации. Се предлага дивидендата за 2013 година да биде исплатена на акционерите на Друштвото кои се регистрирани во акционерската книга на Друштвото на на ден 11.04.2014 година.

Последен ден на тргување со акциите со право на дивиденда за 2013 година, согласно оваа Одлука е 08.04.2014 година, чие порамнување и регистрирање во акционерската книга според правилата на Македонската берза ќе се случи три работни дена од денот на извршеното тргување, односно на датумот на стекнување на право на дивиденда за 2013 година, 11.04.2014 година. Тоа значи дека прв ден на тргување со акциите без право на дивиденда за 2013 година ќе биде 09.04.2014 година, чие порамнување ќе се случи по датумот на стекнување на право на дивиденда за 2013 година.

Исплатата на дивидендата за 2013 година се предлага да започне согласно рокови предвидени во позитивните порописи. За утврдениот дивиденден календар при исплата на дивиденда за 2013 година акционерите ќе бидат информирани преку известување кое ќе се достави по пат на препорачана поштенска пратка, во дневниот печат, официјалната интернет страница на Друштвото и на веб- и интернет страницата на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност и Комисијата за хартии од вредност.

Поради претходното се одлучи како во диспозитвот на оваа Одлука.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

**Татјана Димов**